# СКОПЈЕ

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК

ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ

Број 3 Година II 25.02.2009


## НОВИ ШТЕДЛИВИ СВЕТИЛКИ ЗА ГРАДСКИТЕ УЛИЦИ



## ПРОМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАД СКОПЈЕ –ПРИОРИТЕТ

## СКОПСКАТА ЗООЛОШКА ВО ЕВРОПСКОТО СЕМЕЈСТВО НА ЗОО - ГРАДИНИ

# “СКОПЈЕ”

ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ

Првиот број на информативното гласило “СКОПЈЕ“ излезе на: 10 декември 2008

Излегува секоја трета среда во месецот

**Главен и одговорен уредник**
Љупчо Пандиловски

**Заменик уредник**
Елена Кузмановска

**Редакција**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

**Фотографија**
Радомир Јовановиќ

**Лектор**
Ангелика Димовска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
**за издавачот**
**Градоначалник**
**Трифун Костовски**
Булевар Илинденска бб

**Телефони**
02 3297 255
02 3297 265

**меил - адреса**
mediumi@skopje.gov.mk
gragjani@skopje.gov.mk

ДИЗАЈН: РЕПРИНТ




**Почитувани скопјани,**

Градската администрација во текот на јануари заврши голем дел од подготвителните активности за продолжување на работниот ритам кој се надевам дека ќе продолжи да пулсира во развојот на Скопје и во иднина.

Град Скопје на крајот од минатиот месец распиша тендер за изградба на трамвајското депо, за 12 километри од шинската пруга и за набавка на пет нови трамвајски возила. Повикот е објавен и во водечкиот гласник на Европската унија за јавни набавки и со тоа очекуваме голем број светски реномирани брендови да упатат свои понуди до градот. Значи, стартувавме со проект кој на Скопје му недостига за да се решат големите проблеми во јавниот превоз, да се подобри еколошката слика на градот, но и во услови на голема светска криза да почнеме капитална инвестиција, која позитивно ќе влијае на домашната економија.

Град Скопје размислуваше многу прагматично во развојната насока и при подготовката на Буџетот за 2009 година. Предвидовме ставки кои во наредните години, доколку се испочитуваат, значајно ќе го изменат ликот на метрополата. Започнуваме уште утре. Проширувањето на булеварот Видое Смилевски-Бато е почнато и со него ќе се прошири сообраќајницата која им задаваше големи главоболки на возачите и пешаците.

Се прават последните подготовки за проширување на крстосницата кај Тутунскиот комбинат и за проширување на коловозот во четири ленти до булеварот 3. Македонска Бригада. Се е подготвено и за стартување на 3-та фаза на булеварот Србија, кој минатата година го пробивме кај УСЈЕ.

**Почитувани,**

И оваа година продолжуваме со промената на уличните светилки. Минатата година сменивме 2.350, де новиве треба да започне поставувањето на уште 3.100 нови економични и енергетски ефикасни светилки. Сметам дека го делам Вашето мислење за драстичното подобрување на градското осветлување, кое од средината на оваа година ќе биде речиси како во сите светски метрополи, а заштедите ќе може Град Скопје во иднина да ги реинвестира и со тоа за многу кус период да стане пример за јавно осветлување меѓу сите балкански метрополи.

Јавното осветлување оди заедно со убаво уреденото средишно зеленило на булеварите. Продолжуваме со подигањето бетонски жардиниери на потегот од поранешниот Завод за платен промет кон булеварот Јане Сандански, се гради жардиниерата на влезот во Скопје во Автокоманда, а во завршна фаза се тендерите за жардиниери на булеварот Партизански одреди. Изградените жардиниери и сите кои се во градба ќе бидат хортикултурно уредени од екипите на ЈП „Паркови и зеленило“ и верувам дека на скопските булевари ќе имаме прекрасна пролет.

Кога ги споменувам јавните претпријатија, сакам да потенцирам дека и оваа година градот во интерес на подобрувањето на услугите за граѓаните ќе субвенционира повеќе од 4 милиони евра од сопствениот буџет. Оваа филозофија за финансиска помош е наметната од потребата да се консолидира системот кој го претставува ликот на Град Скопје.

Градскиот буџет оваа година издвои 90 милиони денари за поддршка на културните институции, нивните програми, како и за програмите на невладините организации и на поединците од областа на културата. Градот има лик кој треба да биде растоварен од секојдневните грижи и да им понуди на своите граѓани богата културна содржина со која ќе ги афирмираме нашето културно богатство, талентираните уметници, а во истовреме ќе направиме и сопствена меѓународна и туристичка промоција.

Фактите за кои ви говорам се само сегмент кој може да се спроведе. Квалитетното менаџирање на Вашите средства е дел од една добра реформа на законите за системската позиција на градот и за стабилното финансирање на надлежностите. Ова посебно ќе дојде до израз во завршната фаза од пристапот во евро-атлантските интеграции, затоа што и децентрализацијата е реформа од суштински карактер.

**Ваш,**
**Трифун Костовски**

Градот Скопје и годинава се вклучува во кампањата за заштеда на струја

# НОВИ 3.100 ШТЕДЛИВИ СВЕТИЛКИ НА УЛИЦИТЕ

*Новото осветлување во градот ќе ја подобри видливоста и безбедноста во сообраќајот и значително ќе ја намали сметката за електрична енергија*



Елена Кузмановска

Три илјади и сто нови и штедливи светилки од ова лето ќе ги осветлуваат собирните и магистралните улици во градот. Акцијата за замена на старото и дотраено осветлување Град Скопје ја почна минатата година кога беа заменети 2.350 светилки на повеќе градски улици. Деновиве во Град Скопје во тек е јавна набавка за новите 3.100 светилки. До средината на април се очекува да се потпишат договорите за набавка и монтажа на светилките, а до крајот на јуни на градските улици да бидат наместени сите планирани светилки.

- Новите светилки се штедливи, тие ќе овозможат заштеда на електрична енергија од минимум 30 проценти. Со тоа ќе се намали сметката за струја што ја плаќа Градот за улично осветлување. Светилникот има трајност од десет години, а самата светилка – три. Со тоа, трошоците за одржување се сведуваат на минимум. Градот Скопје активно се вклучи во кампањата за енергетска ефикасност и помала потрошувачка на струја. Градот веќе ги почувствува ефектите од штедењето што се постигна со поставување на 2.350 штедливи светилки во акцијата од минатата година. Досега кај нив не е регистриран ниту еден дефект – велат од Секторот за комунални дејности на Град Скопје.

Град Скопје со извршената промена на уличните светилки на дел од магистралните и собирните улици во градот значително ја намали потрошувачката на електрична енергија за јавно осветлување и тоа за околу 1,5 GW на годишно ниво. Според сегашната цена на електричната енергија, заштедата во сметките изнесува околу 6.400.000 денари или околу 105.000 евра на годишно ниво. Тоа значи дека само по основ на заштеда на електрична енергија, инвестицијата за промена на светилките се враќа за период од четири години. Имајќи предвид дека заштеда се остварува и поради гарантниот рок на новите светилки, односно поради немањето потреба од сервисирање на јавното осветлување на сообраќајниците каде се поставени новите светилки, периодот за враќање на инвестицијата се намалува и изнесува околу три години.

Минатогодишната акција за промена на уличните светилки се одвиваше од 25 јули до 25 август. Притоа, беа демонтирани старите светилки, беа променети каблите во столбовите, беа монтирани новите светилки и беше извршено испитување на нивната работа.

Светилките, по извршена постапка за јавна набавка на која учествуваа четири понудувачи, беа набавени од компанијата Mienel-Schreder од Австрија и за нив Градот Скопје издвои 370.631 евро. Демонтажата на старите и монтажата на новите светилки со промена на каблите, исто така по спроведената постапка за јавна набавка на која учествуваа четири понудувачи, беше извршена од страна на фирмата „Електроизградба“ од Скопје и чинеше 4.808.500 денари.

Вкупниот износ за набавка, демонтажа и монтажа на светилките е околу 27.676.500 денари или околу 450.000 евра.

При промената, старите светилки со моќност од 400W се заменети со нови со моќност од 250W и 150W, добиен е ефект на поголема осветленост на сообраќајниците, а со самото тоа, зголемена е безбедноста на учесниците во сообраќајот. Промената на светилките беше извршена во периодот на годишните одмори и летниот распуст на учениците и студентите, кога фреквенцијата на автомобили на сообраќајниците е значително намалена, поради што не се предизвика застој во сообраќајот, непотребна работа на автомобилите, а со самото тоа не е предизвикано и непотребно загадување на воздухот во градот Скопје.

### Ќе се подготвува студија за јавното осветлување

Во Град Скопје во тек е подготовката на тендерската документација за распишување јавна набавка за изработка на студија за управување со јавното осветлување во градот. Студијата треба да предложи начин како наједноставно да се вклучува јавното осветлување во ист момент и да се исклучи можноста од денско светење. Градот Скопје очекува да се понудат повеќе начини за решавање на овој проблем, од кои потоа Градот ќе го избере најповолниот начин.

# ПРОМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАД СКОПЈЕ – ПРИОРИТЕТНО ПОЛИТИЧКО ПРАШАЊЕ

*Четиригодишното искуство по започнувањето на процесот на децентрализација идентификуваше низа слабости во системската поставеност и во територијалната организација на градот Скопје.*

**Томе Смилевски**

Сегашната системска поставеност на Градот во голема мера го оневозможува неговиот развој и претставува препрека во неговите стремежи за станување европска и светска метропола. Во моментов, градот Скопје фактички е недефиниран конгломерат, растргнат меѓу моќта и ингеренциите на централната власт и општините. Во такви услови, Градот има недефинирана сопственост, полудефинирани ингеренции и симболична контрола на процесите на економскиот, културниот и општествениот развој. Од тие причини, градоначалникот Костовски покрена иницијатива за промена на Законот за Град Скопје.

Можам да кажам илјада причини зошто на Скопје не му одговара ваквата територијала организација, но ниту една дека одговара освен политичка - изјави Костовски на една од трибините во рамките на иницијативата за промена на Законот за Град Скопје.

Денеска, прашањето за промена на Законот за Град Скопје се наметнува како приоритетно политичко прашање.

- Темата е од приоритетно политичко значење. Сосема искрено и отворено, тврдам, дека без донесување на ваков закон релативно е значењето за избор на Градоначалник на Скопје - нагласи Костовски.

Во рамките на оваа иницијатива беа одржани повеќе трибини, на кои голем број експерти од областа на локалната самоуправа, политичкиот систем, архитектурата, урбанизмот, социологијата, како и новинари и претставници од невладиниот сектор, исто така, ја нагласија потребата од менување на сегашните закони за главниот град, кои не ја операционализираат неговата уставна посебност. Целокупната иницијатива на градоначалникот Костовски резултираше со предлог Закон за



Град Скопје во кој се акцентирани насоките за менување и дополнување на актуелните закони за Град Скопје. Поаѓајќи од слабостите и недоречеността на актуелните закони, во процесот на креирање на Предлог-законот за промени беа вклучени врвни експерти и пошироката јавност. Предлог-законот беше доставен до Владата на Република Македонија уште во октомври минатата година.

Според предложените промени, градот Скопје треба да биде уреден како една општина со повеќе квартови (дистрикти) кои би биле под негова надлежност. Со тоа би се избегнало удвојувањето на надлежностите и блокирањето меѓу општините и би се обезбедило поефикасно и поекономично вршење на одредени надлежности.

Со новата територијална организација на Градот треба да се утврдат неговите граници, бидејќи според актуелните законски решенија Градот нема сопствена територија (Градот се протега на територијата на општините). Руралните општини треба да бидат одвоени од урбаното градско јадро, при што двојазичноста нема да биде доведена во прашање. Скопје на денешното ниво на децентрализација и со тие средства што ги има, не е во состојба да го финансира локалниот развој на условно кажано неразвиените општини, како што се Сарај, Ѓорче Петров, Бутел и Шуто Оризари. Од друга страна, приходите на овие општини би биле повисоки и побрзо би се развивале доколку се вон границите на Град Скопје.

Со новиот Закон за Град Скопје треба да бидат детерминирани неговите приходи, имајќи предвид дека Град Скопје со само еден процент финансиски средства од државниот буџет, не може да реализира капитални инфраструктурни проекти во интерес на граѓаните.

Исто така, според висината на буџетот, Град Скопје ниту приближно не може да им парира на останатите главни градови во регионот и на европските метрополи. Неопходно е големо зголемување на буџетот преку зголемување на приходите од персоналниот данок и од ДДВ-то и управувањето со градежното земјиште.

Промените во фискалната политика треба да ја зголемат финансиската моќ на градот, имајќи предвид дека градот не е само единица на локалната самоуправа туку извршува функции во интерес на целата држава. Поради овие причини, како и според бројот на жители на градот, Буџетот на Гра Скопје треба да изнесува 1/3 од државниот буџет.

Останува уверувањето дека новиот градоначалник на Скопје, независно од неговата партиска припадност, ќе го прифати овој финализиран проект како приоритетен, доколку навистина биде заинтересиран за нормално функционирање на Градот и реално остварување на функцијата Градоначалник.



## Изјава:

Професорката на Правниот факултет, Гордана Силјановска смета дека според сегашната системска поставеност, градот Скопје наместо метропола може да стане некропола. „Не постои главен град каде што општините на територија на Градот ги имаат истите надлежности како Градот. Тоа е непознат феномен во компаративната локална самоуправа“. Силјановска посочува неколку варијанти за реформа, од кои најпреферирана би била поделба на градот на дистрикти со ограничени надлежности во однос на Градот.

Професорот Мирослав Грчев оцени дека локалната самоуправа не може да функционира со постоечките закони, бидејќи локалната самоуправа нема ниту имот, ниту вистински надлежности. „Локалната самоуправа е инвалид, зависна од политичката волја на централната власт. Градот мора да ја поседува и да управува со градската инфраструктура“.

Професорката Тања Каракамишева истакна дека градот Скопје заслужува посебно место и посебен статус. “Наместо сегашната „виртуелна димензија“ на главен град, Градот Скопје треба со нов закон да добие вистински статус на главен град“.

Професорот Јове Кекеновски на трибината на Правниот факултет истакна дека Скопје не го заслужува сегашниот статус, бидејќи уставната посебност не е операционализирана.

# СКОПЈЕ И МЕЃУЕТНИЧКИТЕ ОДНОСИ

Кога ќе одлучи човек да пишува за меѓуетнички односи и мултиетничка средина, колку и да звучи стереотипно, не може да се рече дека овие прашања се апсолвирани до крај и има поважни работи кои го сочинуваат секојдневието. Овојпат приодот кон овие прашања е со пример врзан за традицијата на меѓуетничките односи и начинот на живеење во нашиот главен град Скопје. Мислам дека нашиот главен град ни овозможува квалификувана мисла, со допир на традиционалното и современото сфаќање на мултиетничко живеење и взаемно почитување на луѓето кои зборуваат различни јазици, а обичаите, верската и националната припадност се димензионираат во едно богатство на културен диверзитет.

Во градот Скопје, историски гледано, современото, тенко и проѕирно е наталожено врз традиционалното, внимавајќи да се сочува и надградува тоа што луѓето ги прави потолерантни, посолидарни, похумани и взаемно почитувани во една мултиетничка средина.

Историската фактографија и културното наследство на нашиот главен град, пресликувани и сочувани низ векови преку виа-дукти, мостови, цркви, џамии, синагоги и низа други артефакти, ни кажуваат и нè потсетуваат дека Скопје секогаш им припаѓал на сите свои граѓани, без разлика на нивната верска и етничка припадност. Тогаш, логично е да се заклучи дека сегашноста и иднината на нашиот главен град треба да се збогати со нови модерни трендови на комуникација и градење на меѓуетнички односи. Но, колку и да звучи старомодно, начинот на живеење врз основа на традиционалниот комшилук и чаршискиот еснафлук е проверена и потврдена пракса на взаемно почитување на разликите меѓу луѓето која треба да се негува.

Во денешно време, Скопје веќе е културна, политичка и дипломатска метропола, кадешто европската, балканската и ориенталната цивилизација тангираат со многу елементи понудени од еден глобализиран свет. Во еден ваков сплет на настани и предизвици, како граѓани на Скопје во никој случај не смееме да ја губиме смислата и убавината на заедничкото живеење во мултиетнички град.

Ако правиме хронолошка анализа од временска дистанца, кога биле подобри и помалку добри меѓуетничките односи во градот Скопје, тоа не зависело стопроцентно само од обичните граѓани. Тие односи честопати, дали биле добри или помалку добри, зависеле и од раководните структури, односно првиот човек на градот. Имало и лоши периоди на владеење со градот, но фала му на Господ, мудроста и традицијата на граѓаните секогаш ги отфрлаше настрана таквите, како непожелни и деструктивни елементи. Но, треба да бидеме свесни, токму во мултиетничките средини како што е и градот Скопје, секогаш се наоѓаат и такви кои се обидуваат и за жал понекогаш успеваат во одредени моменти да ги нарушат меѓуетничките односи. Затоа, перманентно треба да се работи преку институции и невладини организации да се афирмираат културните различности како богатство на нашиот главен град. Примерите кои одат во прилог на добрите меѓуетнички односи треба одвреме-навреме да се извлечат и од мудрите луѓе низ историјата, како тие ги опишувале тие односи за градот Скопје. Да се потсетиме на кажаното од Питагора за граѓаните на Скопје: „Не биди безсрамен кон никого". Тоа и ден-денес е мотото на живеење во нашиот град. Добриот дух од стариот ќуп, проповедан од Дервишот од Анадолија во времето на османлиите, заштитникот на Чаршијата, на Скопје му го даде неспоредливиот шарм на вистинска космополитска метропола. Неговите жители се молат на Бога во православните цркви, муслиманските џамии, католичките катедрали, еврејските синагоги и дервишките текии.



Една ваква традиција и комплимент за граѓаните на Скопје во градењето на меѓуетничките и верските односи, уште повеќе нè обврзува припадниците на заедниците да бидат правично и соодветно застапени во органите и институциите на градот. Во минатото, далечно и блиско, намерно или ненамерно, пропуштена е таа можност со изговор дека нема доволни образовани и квалитетни кадри. Денес, ситуацијата е видливо променета кон подобро, а правичната и соодветна застапеност е регулирано со Устав и закон и треба да се почитува. Ако не се направи нешто повеќе во однос на правичната и соодветната застапеност на заедниците, која за жал е само симболична, тогаш одговорноста е на тие кои се најповикани, односно раководството на Градот. На овој предизвик мора да се одговори со динамика која брзо и ефикасно ќе ја подобри застапеноста на заедниците во градската администрација.

Не смееме понатаму да даваме повод, а повод има, при разминување на мостовите на реката Вардар, првиот впечаток и првата глетка да ни биде колку не е средена левата страна на кејот на Вардар. Затоа, проектираното од сегашната градска власт за левата страна на Вардар, треба неодложно и брзо да се реализира, за да преовлада чувството дека живееме во заеднички, а не во поделен град. Ако се согласуваме, а тука не треба да има дилеми, дека нашиот главен град од времето на Јустинијан Први па сè до мандатот на Г-динот Трифун Костовски како градоначалник, им припаѓал на сите граѓани подеднакво, тогаш на предизвиците кои ни доаѓаат ќе одговориме и со аргументите од минатото.

**Исмет Рамадани**

(Советник на Градоначалникот
за меѓуетнички односи)

# ИНТЕРВЈУ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ КОСТОВСКИ ЗА СОЛУНСКИОТ НЕДЕЛНИК „КЕНТРИ“




Пренесено
„Кентри“, Грција
17.01.2009 година
Автор: Деспина Критику

**Од кои причини побаравте да не се постави статуата на Александар Велики на централниот плоштад во Скопје?**

-Единствената причина за тоа е што не сум заложник на историски замки, како изговор за политички непријателства на Балканот. Политики кои аеродромот во Солун го прекрстија во „Македонија“, а во Скопје во „Александар Велики“. Политики заради кои Грција ја спречува нашата европска интеграција на најнеевропски начин и им дава шанса на националистичките платформи кај нас. Навистина доста ни е од анахронизми! На Балканот, денес, сите треба да „пораснеме“!

**Кој е вашиот предлог?**

Мојот предлог е да се подигне споменик на трагично починатата македонска интернационална мега- ѕвезда и хуманитарец, пејачот Тоше Проески.

**Се чини дека Владата на БЈР Македонија троши пари за национална пропаганда и со тоа ја дезориентира нацијата од сериозните социјални проблеми (здравство, образование...).**

Не верувам во ниту една националистичка пропаганда на долг рок. За жал, на кус рок тоа прави штети. Социјалните проблеми, што покажаа и едномесечните протести во Грција, се најважните прашања за граѓаните на нашите две земји.

**Што мислите за иднината на односите меѓу двете земји и што очекувате од изборите во март?**

Јас искрено верувам во иднината на добрите односи меѓу двете соседни земји што имаат многу повеќе заеднички обележја и традиции отколку разлики. Убеден сум дека во моментот кога ќе го надраснеме „балканскиот комплекс“ на двете страни, бенефит ќе имаат двата народа. Очекувам дека Македонија во март ќе има мирни и успешни избори.

Буџети на метрополите во Југоисточна Европа

## ЗАГРЕБ ГОДИНАВА ЌЕ ТРОШИ МИЛИЈАРДА И СТО МИЛИОНИ ЕВРА

Буџетите на метрополите во Југоисточна Европа и во регионот за 2009 година уште еднаш потврдуваат дека Град Скопје на финансиски план заостанува во голема мера. Донесени во услови на светска економска криза и оценети од тамошните градски власти како рестриктивни, буџетите на Белград и Загреб, на пример, се за неколкупати повисоки од Буџетот на Град Скопје за 2009 година. Имајќи ги предвид овие факти, градоначалникот на Град Скопје, Трифун Костовски постојано укажува дека градот Скопје не може да се развива како метропола со само еден отсто финансиски средства од Буџетот на Република Македонија. Меѓудругото, градоначалникот Костовски во неговата иницијатива за промена на Законот за Град Скопје се залага и за приходите на Град Скопје да бидат детерминирани со посебен закон и да изнесуваат една третина од вкупниот буџет на државата.

Буџетот на Град Загреб за 2009 година ќе изнесува околу една милијарда и сто милиони евра. Зголемувањето на буџетот во однос на минатата година изнесува 4,99 проценти. Градоначалникот на Загреб, Милан Бандиќ истакна дека пензионерите, граѓаните со послаба имотна состојба и другите нема да останат без досегашните социјални права, додека се друго, па и замрзнувањето на платите, ќе биде отворено, што бара договор на сите социјални партнери во наредните месеци. Бандиќ оцени дека инвестициониот циклус ќе се задржи на сегашното ниво, а дополнителни потенцијали Градот ќе побара во реорганизација на градската управа.

Градот Загреб планира во 2009 година, од сопствени извори да оствари околу една милијарда и шеесет милиони евра, а околу 40 милиони евра од задолжување, за капитални расходи. Приоритети во сообраќајно-комуналната инфраструктура во 2009 година ќе бидат проширувањето и продолжувањето на неколку булевари и улици, а се предвидува и склучување договор за проектирање на два моста, како и почеток на решавање на имотно-правните односи поврзани со реализацијата на мостовите „Јарун“ и „Бундек“. Централна капитална ориентација на Градот ќе биде „загребски модел на станбено згрижување“, а акцентот ќе биде и на развојот на локалната самоуправа.

Т.С.

## НАДЛЕЖНОСТИ

# КОЈ ЗА ШТО Е ОДГОВОРЕН ВО КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ (2 ДЕЛ)

## ОПШТИНИ

*Граѓаните на Скопје честопати имаат проблеми со разграничувањето на градските и на општинските надлежности, при што не можат точно да ги детектираат органите што треба да им ги решат проблемите. Редакцијата на „СКОПЈЕ“, со цел да им помогне на граѓаните, во продолженија, компаративно, ќе ги објавува надлежностите на своите страници.*

- изградба, одржување и користење на јавни паркиралишта од значење за општината утврдени со урбанистички план

- организирање, изнесување и транспортирање на комунален и друг вид неопасен отпад

Општините во градот Скопје, за вршење на јавни работи од локално значење во рамките на својата надлежност, можат да основаат јавни служби, во согласност со закон.

Приходите од надоместокот за уредување градежно земјиште се распределуваат во сооднос 60 отсто за Град Скопје и 40 отсто за општината во градот Скопје во која се уредува градежното земјиште. Град Скопје со средствата кои ги добива по основ надоместок за уредување градежно земјиште е должен да ја изгради примарната инфраструктура (водоводна, канализациона, електрична и топловодна мрежа), додека општините имаат обврска да ја изградат секундарната инфраструктура.

## ГРАД СКОПЈЕ

- Снабдување со вода за пиење од единствениот водоснабдителен систем на градот Скопје;

- одведување и пречистување на отпадните води;

- одведување и испуштање на атмосферските води;

- обработка и испорака на технолошка вода;

- собирање и транспортирање на комуналниот и друг вид неопасен отпад;

- одржување на депониите за комунален и друг вид неопасен отпад;

- уредување и организирање на јавниот градски и приградски превоз на патници

- одржување и користење на градските паркови, парк-шумите на подрачјето на градот Скопје, водните и спортско-рекреативни зони, утврдени со Генералниот урбанистички план и други заштитени подрачја во согласност со закон

- изградба, одржување и користење на јавни паркиралишта од значење за градот Скопје, утврдени со урбанистички план

Град Скопје, за вршење на јавни работи од локално значење во рамките на својата надлежност, може да основа јавни служби, во согласност со закон. Град Скопје за таа цел ги формираше јавните претпријатија „Комунална хигиена“, „Водовод и канализација“, „Паркови и зеленило“, „Улици и патишта“, „Градски паркинг“ и Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје“.

## ОБНОВЕН ПАВИЛЈОНОТ ВО СРЦ „САРАЈ“

Рустик-павилјонот во спортско-рекреативниот центар „Сарај“ наскоро ќе се обнови, а ќе се уреди и околното зеленило, информираат од ЈП „Паркови и зеленило“. Павилјонот е стар петнаесетина години и поради оштетувањата, од безбедносни причини, повеќе не може да се користи за одмор и рекреација. Екипите од “Вонградско зеленило” во јавното претпријатие деновиве го изработуваат потребниот дрвен материјал за обнова на објектот.

Во наредниов период екипите на „Паркови и зеленило“ ќе извршат и сеча на бор на површина од 12 хектари во месноста Бел камен на Водно. На потегот од Средно Водно до детското одмаралиште, пак, ќе се постават триесетина рустик-корпи за отпадоци кои ќе бидат поставени на пофреквентни места. Со оваа акција Град Скопје активно придонесува за почиста околина.

А.Џ.

## НОВИТЕ „СИГНАЛИТИКА“ ТАБЛИ ЖРТВА НА ВАНДАЛИЗАМ



Новите табли „сигналитика“ кои Град Скопје ги постави на повеќе локации пред неполн месец деновиве повторно беа жртва на вандализам. Оштетени се две сигналитички табли, кај црквата „Свети Спас“ и во Градскиот парк на кејот на реката Вардар, при што кај едната е уништен дел од таблата, а кај другата кружниот дел од таблата е симнат од металниот постамент. Град Скопје изминатиов месец ги обнови таблите кои претходно беа целосно уништени од неодговорни граѓани и повторно ги врати на старите места за да ја раскажуваат приказната за културните знаменитости и богатото културно наследство на градот.

Град Скопје апелира до граѓаните да не ги уништуваат таблите за сигналитика и да покажат поголема одговорност кон заедничкото културно и градителско наследство со кое треба да се гордееме пред странските гости, а ние самите да осознаеме повеќе за нас и за нашиот град од информациите кои се наоѓаат на сигналитичките табли.

## СЕ ПРОШИРУВА БУЛЕВАРОТ ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ БАТО

Градот Скопје почна со реализација на проектот за проширување на булеварот Видое Смилевски Бато во должина од 510 метри од крстосницата со булеварот Србија до крстосницата со булеварот Февруарски поход. Со проширувањето на десната лента ќе се добие булевар со профил од 23,5 метри широчина по целата должина на трасата. Коловозните ленти ќе бидат широки 10,5 метри, зелениот појас 6,5 метри, а велосипедските патеки ќе зафаќаат 2,5 метри. Тротоарите ќе бидат широки 4 метри.

Освен проширувањето на сообраќајницата, во првата фаза на проширувањето на Видое Смилевски Бато ќе бидат изградени и сливниците за собирање на атмосферските води во централната атмосферска канализација. Во втората фаза од градежните работи во средишниот дел на булеварот ќе се постави бетонска жардиниера и просторот ќе се облагороди со зеленило. По должината на трасата на Видое Смилевски Бато ќе се постави и ново осветлување со нови штедливи светилки. Градежните работи на булеварот Видое Смилевски Бато ќе ги изведуваат екипите на „Конструктор“.

Градот Скопје издвои средства за изработка на проект и на идејно решение и целосно ги покрива трошоците за проширување на булеварот Видое Смилевски Бато. За проширување на булеварот ќе се потрошат 30 милиони денари.

## АНКЕТА ЗА ГРАЃАНИТЕ НА ВЕБ СТРАНИЦАТА НА ГРАД СКОПЈЕ

Скопјани имаат можност да го искажат својот став за потребата од промени на актуелниот закон за Град Скопје преку анкетата која е поставена на официјалната интернет-страница на Град Скопје, www.skopje.gov.mk. Анкетата е во рамките на широката иницијатива на градоначалникот Трифун Костовски за промена на Законите за градот Скопје.

Граѓаните можат да гласаат и со јавување на граѓанската линија 3297 - 255 или со писмен допис до Град Скопје, булевар „Илинден“ бб.

## НОВИ ДРВЦА НА БУЛЕВАРОТ МИТРОПОЛИТ ТЕОДОСИЈ ГОЛОГАНОВ

Сто нови садници од видот јасен се засадени по должината на булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов, на потегот од „Алумина“ до Студентскиот дом „Гоце Делчев“. Станува збор за разубавување на зеленилото со нови дрвца на местото каде веќе беа исечени старите тополи.

Бидејќи тополите беа стари, со болни корења, исушени стебла и гранки, а и заради безбедност и превенција од здравствени проблеми, по барање на граѓаните, а по налог на Град Скопје, екипите од ЈП ”Паркови и зеленило” интервенираа пред неколку месеци и ги исекоа овие стари дрвја. Новите дрвца, според своите карактеристики, како листопадни високостеблести видови, не предизвикуваат алергии и не испуштаат мирис.

А.Џ.



## МЕМОРАНДУМ ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА

Градоначалникот на Град Скопје, Трифун Костовски, министерот за животна средина и просторно планирање, Нецати Јакупи и претседателот на Здружението на граѓани „Проактива“, Владимир Карчицки потпишаа Меморандум за разбирање за спроведување на „Основниот план за употреба на велосипеди во Скопје“. Документот особено се однесува на реконструкцијата и сигнализацијата на велосипедските патеки во Општина Аеродром. Активностите кои се предвидени со Меморандумот, се поддржани и од Амбасадата на Холандија во нашата земја.

Целта на соработката меѓу Град Скопје, МЖСПП и „Проактива“ е промоција на велосипедот како евтино и еколошко превозно средство за секојдневна употреба. Град Скопје за реализација на овој проект издвои 1.216.043 денари буџетски пари и се обврзува во иднина редовно да ги одржува велосипедските патеки што се предмет на овој Меморандум. Велосипедската патека во Аеродром ќе се изгради до 30 мај 2009 година.

- Ми претставува особена чест што денес се собравме заеднички уште еднаш да го потврдиме нашето залагање за изградба и обележување на велосипедска патека, но исто така и за подигање на свеста на граѓаните за можноста за користење на велосипедите не само како рекреативно, туку и како алтернативно транспортно средство, со што ќе се придонесе кон намалување на штетните гасови во воздухот и поекономично трошење на енергетските ресурси. Меморандумот за разбирање што денеска го потпишавме претставува продолжување на активностите кои се реализираа минатата година преку проектот “Имплементација на Основен план за употреба на велосипеди во Скопје“, со чија реализација беше изградена велосипедската патека низ централното градско подрачје – изјави градоначалникот Трифун Костовски по потпишувањето на Меморандумот.

Е.К.

## СЕ ГРАДИ ЖАРДИНИЕРА НА БУЛЕВАРОТ„ КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ- ПИТУ“

Жардиниера долга 920 метри изработена од армирано-бетонски префабрикувани елементи ќе го краси средишниот дел на булеварот Кузман Јосифовски- Питу. Екипи на Град Скопје почнаа да го градат бетонскиот дел од жардиниерата, а откако ќе се завршат градежните работи, истата ќе се наполни со земја, ќе се постави систем за полевање „капка по капка“ и ќе се засадат разновидни садници.

Во завршна фаза е и јавната набавка за избор на најповолен изведувач кој ќе ги гради жардиниерите на булеварите Јане Сандански, 8-ми Септември и Партизански одреди. Жардиниерата на булеварот Јане Сандански ќе биде долга 800 метри и ќе се протега од почетокот на булеварот до крстосницата кај Мајчин Дом.

Средишната ограда на булеварот Партизански одреди , на потегот од улицата Рузвелтова до мостот Обединети Нации, ќе биде заменета со жардиниера во должина од 2 650 метри. Жардиниера ќе се гради и на булеварот 8-ми Септември , на потегот од фабриката „Алумина“ до улицата Илинден , а ќе биде долга 1100 метри. А.Џ.

## НОВА ОПРЕМА ЗА ПРОТИВПОЖАРНАТА БРИГАДА

Градоначалникот Трифун Костовски на 20 јануари годинава на Противпожарната бригада и додели 300 парчиња зимска заштитна опрема за пожарникарите која е во вредност од 1.840.000 денари.

- Животот на луѓето загрозени од пожарите и на пожарникарите немаат цена и затоа Град Скопје во изминативе години својот однос кон овие храбри луѓе го искажува со перманентно подобрување на условите за работа и нивната лична безбедност - истакна градоначалникот Костовски.

Град Скопје оваа година во буџетот издвои 25.880.000 денари за набавка на противпожарни возила, теренско возило, информатичка, видео и комуникациска опрема за Противпожарната бригада на Скопје.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАРТЕРОТ НА ВЛЕЗОТ ВО ЧАРШИЈАТА

Целосната реконструкција на влезниот партер во Старата скопска чаршија, од страната на Камени мост почна мината недела. Со реконструкцијата се опфатени скалилата, партерот и самиот влез во Чаршијата. Реализацијата на проектот ќе се одвива фазно, со цел да не се попречува движењето и безбедноста на многубројните минувачи.

- Ова е уште еден придонес на Градот Скопје за ревитализација и враќање на убавината и атрактивноста на Чаршијата, но и на граѓаните, еснафот и странските туристи во просторот кој е еден од најзначајните културни обележја на главниот град на Република Македонија - истакна градоначалникот Трифун Костовски кој го посети градилиштето.

Во првата фаза од реализацијата на проектот за реконструкција ќе бидат извадени сите плочи од партерот, а потоа ќе се израмни просторот и ќе бидат поставени нови плочки. Работите треба да завршат за 45 работни дена, а ќе ги реализира општината Чаир.

Градот Скопје обезбедува половина од вкупните средства потребни за реализација на проектот. Вкупната вредност на овој проект изнесува 8 милиони денари.




## ТРАДИЦИОНАЛНА ПОСЕТА НА ДОМОТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“

По повод верскиот празник Василица и Стара Нова година, градоначалникот Трифун Костовски и претседателката на Советот на Град Скопје, Ирена Мишева ги посетија старите лица во Домот за стари лица „Мајка Тереза“ во Злокуќани. Корисниците на Домот од Град Скопје добија правосмукалка.

- Чувствував потреба да дојдам кај вас за да ви покажам дека не сме ве заборавиле и дека постојано работиме на тоа како да ви ги подобриме условите во кои живеете. Во годината која е пред нас ќе работиме да изнајдеме решение да се изгради зграда во која ќе биде сместен Домот „Мајка Тереза“, а во која деновите ќе ги поминувате исполнети и задоволни. Во буџетот за оваа година предвидовме ставки кои ќе ни помогнат да аплицираме пред странски земји во кои грижата за старите лица е на високо ниво, да ни помогнат во изградбата на дом за стари лица според европските стандарди – рече градоначалникот Костовски.

Градоначалникот Костовски при посетата на Домот „Мајка Тереза“ се интересираше со какви активности неговите корисници го поминуваат слободното време и како се организираат за верските празници.

Раководството на Домот од градоначалникот Костовски побара Градот да помогне во набавката на едно возило кое ќе ги задоволува секојдневните потреби на корисниците. Тие добија ветување од градоначалникот Костовски дека пред Советот на Град Скопје итно ќе предложи да се набави и да се подари еден автомобил на Домот „Мајка Тереза“. Е.К.

Интервју со Доминик Тропеано, претседател на Групата за техничка асистенција во ЕАЗА

# ИМАМЕ МИСИЈА СКОПСКАТА ЗООЛОШКА ДА ЈА ВКЛУЧИМЕ ВО ЕВРОПСКОТО СЕМЕЈСТВО - ЕАЗА



Доминик Тропеано

*Доктор Доминик Тропеано е претседател на Групата за техничка асистенција и добросостојба на животните во Европската асоцијација на зоолошки градини и аквариуми (ЕАЗА). Тој е голем вљубеник во животните и сопственик на најголемата приватна зоолошка градина во Велика Британија, во источниот дел на Лондон. Тропеано е и еден од основачите на ЕАЗА и во организацијата активно работи веќе дваесет години. Со него разговаравме за време на неговата минатонеделна посета на Скопје и на Зоолошката градина.*

**Елена Кузмановска**

Каква е состојбата во зоолошките градини во другите земји од Југоисточна Европа кои, исто како и Македонија, поминуваат низ транзиција?

- Земјите од источниот дел на Европа долги години беа во политичка изолација, а тоа доведе до недостиг од знаење и јавна свест во поглед на организацијата и раководењето со зоолошките градини. Кога падна завесата, се виде дека цената што постоечките зоолошки градини ја платиле за тие изминати години е превисока. Стана јасно дека тие зоолошки градини мора да се модернизираат ако сакаат да продолжат да работат, оти во таа состојба беа сиромашни и недоволно опремени. Менаџментот на тие зоолошки градини покажа дека постои волја овие резервати да го достигнат нивото што го промовираат зоолошките градини во западноевропските земји. Позитивно сум изненаден од талентот, ефикасноста, креативноста и посветеноста на луѓето што работат во зоолошките градини во Источна Европа да направат нешто добро за градините во кои работат, па затоа сметам дека поставената цел е достижна.

Како го оценувате напредокот на Зоолошката градина во Скопје? Таму многу нешта се променија во последниве четири години.

- Зоолошката градина во Скопје е стара и и е потребна екстремна операција. Таа се соочува со големи проблеми и и е потребна голема промена и визија за да преживее, оти во спротивно ќе треба да се затвори. Во Зоолошката градина во Скопје има волја да се сменат работите и работите навистина почнаа да се менуваат. Градината се огради со нов ѕид што е многу позитивно, во неа се градат нови живеалишта, се садат нови растенија и таа визија за напредок полека се остварува. Знаете, зоолошките градини се за животните, но тие се и за луѓето, па мило ми е да дојдам овде и да видам дека луѓето што ја водат зоолошката имаат визија и волја за тоа што треба да се промени. Сметам дека на зоолошката и е потребна поголема финансиска помош од локалната самоуправа и од Владата во вашата земја.

Ја гледате ли Зоолошката градина во Скопје наскоро во Европското семејство на зоолошки градини и аквариуми?

- Задача на Европската асоцијација на зоолошки градини и аквариуми во скопската Зоолошка градина е да советува и да понуди техничка помош. Ние навистина не би сакале овде да се изгради нешто што нема да функционира и нема да ги задоволува модерните стандарди. Затоа сметам дека е неопходен постојан тренинг и обука на вработените и на менаџментот кој ќе раководи со Градината во иднина. Нашата мисија сега е да ја интегрираме скопската Зоолошка градина во Европското семејство ЕАЗА што ќе биде тешка задача затоа што Зоолошката во Скопје е во лоша состојба и ќе треба да ризикуваме. Ние мораме да знаеме дали имате вистинска поддршка од локалната власт и дали сте вистинските за да ја завршите оваа работа. Ние мора да знаеме дали тука ќе има континуитет во работењето и во напредокот. Ако по изборите се смени раководството на Зоолошката, ќе дојдат нови луѓе со кои ќе треба допрва да изградиме соработка и да утврдиме дека се вистинските за оваа работа. Тоа може да доведе до проблеми и до прекинување на соработката.

Што им нуди членството во ЕАЗА на нејзините членови?

- Членството во ЕАЗА отвора многу можности за соработка. Зоолошките градини што се членови на оваа професионална организацијата плаќаат членарина, а од ЕАЗА добиваат техничка помош, совети и експертиза, како и можност да учествуваат во проекти за конзервација. За една зоолошка градина да стане членка на ЕАЗА таа мора да исполни одредени стандарди, но во случајот на Скопје, постои посебна категорија за членство за институција која во наредните пет години има цел да ги достигне стандардите на ЕАЗА. Менаџментот на Зоолошката градина во Скопје аплицира за членство во ЕАЗА за период додека трае реконструкцијата или за членство за наредните пет години за кога се надеваме дека ќе видиме конкретен напредок. Дотогаш, експерти од ЕАЗА ќе бидат присутни во Скопје, ќе ги вреднуваат работите и ќе контролираат пред да се преземат поголеми чекори.

Друг бенефит од членството во ЕАЗА е можноста преку нашата асоцијација да добијат животни кои инаку не е можно да се добијат. Кај нас функционира програма за одгледување животни и ако некоја зоолошка градина сака да добие животно, за него нема да плати и нема да го поседува, туку животното и понатаму и припаѓа на ЕАЗА. Животните практично и се позајмуваат на одредена зоолошка, а таа само ги покрива трошоците за транспорт.

Што се разговараше на работилницата која во Скопје се одржа минатиот викенд, а беше организира од ЕАЗА?

- Работилницата што изминатиов викенд се одржа во Скопје беше на тема Техничка асистенција и добросостојба на животните. Ние работиме проекти за обнова на зоолошки градини во 11 земји меѓу кои Романија, Хрватска, Русија, Турција и други. Зоолошката градина во Скопје е еден дел од нашата работа. На работилницата присуствуваа десетина експерти од повеќе европски земји и разговаравме за напредокот што го оствариле споменатите зоолошки градини, како и за напредокот на Зоолошката во Скопје.

# ЗА СОВРШЕНИОТ ГРАДСКИ ВОДОВОД



*Од аквадуктот на Мустафа-паша, денес стои делот кој претставува мост на сводови (надземен водопровод) преку кој се пренесува водата. Тој се наоѓа на излезот од Скопје – Визбегово. Зачуван е во релативно добра состојба. Изграден бил да ја премости долината на ова место и да ја пренесе водата од една страна на друга*

**Томе Смилевски**

Како најбезбедно да се донесе вода до градот во подем? Како да се премости долината и да се активираат издашните извори на Скопска Црна Гора? Одговорите на овие прашања и градителските тајни на врвните мајстори од овие простори до денес ги крие стариот скопски водовод олицетворен во Аквадуктот во Визбегово. Неговата обнова и промоција пред јавноста е она на што во иднина треба да работат надлежните институции во земјава.

Аквадуктите потекнуваат од времето пред Римското царство, но останале карактеристика на римските градители оти тие ја довеле до совршенство изградбата на водоводите. За скопскиот аквадукт постоело мислење дека датира од римско или од византиско време, но последните истражувања покажале дека тој е изграден во периодот кога Скопје се наоѓало во рамките на Османлиското царство, во 16 век кога биле градени амами и џамии за чие функционирање било потребно големо количество вода.

Низ литературата се сретнуваат различни претпоставки и тврдења во врска со времето кога е изграден, но податоците за создавањето на водоводот ги наоѓаме во Вакафнамето на задужбината на Мустафа-паша датирано од 26.11.1514 година. Според тие податоци, Мустафа-паша, градителот на една од најубавите џамии во Скопје, изградена 1492 година, го подигнал и Аквадуктот.

Од Аквадуктот на Мустафа-паша, денес стои делот кој претставува мост на сводови (надземен водопровод) преку кој се пренесува водата. Тој се наоѓа на излезот од Скопје – Визбегово. Зачуван е во релативно добра состојба. Изграден бил да ја премости долината на ова место и да ја пренесе водата од една страна на друга. Имено, преку него се доведувала вода во Скопје од богатите извори на Скопска Црна Гора. Овој објект претставува монументална градба и е од типот на еднокатни надземни водопроводи. Се состои од 55 свода кои се потпираат на масивни столбови со квадратна основа. Сите сводови имаат полукружен облик.

Вкупната должина на конструкцијата на овој мост изнесува 386 метри. Изграден е со камен и тула на начин како што се градени и другите османлиски споменици кај нас. Со примена на граден материјал со различен тоналитет постигната е извонредна живописност на објектот.

Иако има огромно културно-историско значење, импресивниот споменик за жал не е афирмиран меѓу граѓаните и туристите. Локацијата на која се наоѓа е запуштена. За анонимноста на Аквадуктот најмногу придонесува непостоењето пристапен пат до градбата и патокази што ќе ги насочуваат намерниците. Изградбата на булеварот Словенија, која во голема мера го олесни пристапот до Аквадуктот беше дел од напорите на Град Скопје за промоција и афирмација на културно- историскиот споменик.

# ГРАДОТ СКОПЈЕ ПАРТНЕР НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

**Мирјана Апостолова**

Граѓанското општество во рамките на градот Скопје претставува голема и разновидна заедница. Голем дел од граѓанските организации кои се регистрирани на територијата на град Скопје својата активност ја базираат на локално ниво, но не е мал и бројот на организациите кои делуваат во национални рамки. Токму ваквиот потенцијал на граѓанскиот сектор, но и надлежностите на Градот во овој дел, ја посочуваат потребата од дефинирање на соработката меѓу Град Скопје и граѓанските организации.

За таа цел, во ноември 2007 година Советот на Град Скопје усвои Стратегија за соработка со граѓанските организации со Акционен план за нејзина реализација, чија главна цел е да се овозможи граѓанските организации активно да се вклучат во процесите на дефинирање на развојните политики, активности и иницијативи. Во подготовка на Стратегијата активно учествуваа повеќе од 120 здруженија на граѓани кои делуваат на територијата на Град Скопје со околу 300 учесници. Здруженијата на граѓани идентификуваа повеќе цели преку чие остварување треба да се воспостават механизми на соработка, да се зголеми протокот на информации, да се зголеми и зајакне капацитетот на градската администрација, да се развијат стратешки партнерства, да се реализираат заеднички активности во делот на заштитата на животната средина и подобрување на градската чистота, да се реализираат активности поврзани со полето на здравството, социјалата и образованието, да се зајакнат меѓуетничките односи, да се афирмира родовата еднаквост и рамноправност меѓу половите и да се овозможи зголемување на степенот на користење на информатичките технологии. Градот Скопје и граѓанските организации како стратешка цел број 1, пред себе ја поставија институционализацијата на меѓусебната соработка. Тргнувајќи од фактот дека Град Скопје има голем број на полиња од интерес, соработката е дефинирана да се одвива преку воспоставување советодавни работни тела т.е дискусиони работни групи и Форумот на НВО на Град Скопје.

### ДИСКУСИОНИ ГРУПИ

Членовите на дискусионите групи имаат можност да иницираат активности и да учествуваат во партиципативниот дел од креирањето на политиката за прашања поврзани со надлежностите на Град Скопје и директно да предлагаат теми за дебати кои се дел од Планот за работа на Форумот на НВО на Град Скопје. Изборот на членови во секоја од тематските советодавни тела т.е тематски дискусиони работни групи се врши исклучиво од страна на граѓанските организации чии што податоци се запишани во ресурсната база на Град Скопје за податоци на граѓанските организации. Бројот на членови не е ограничен туку може да се надополни и со други претставници од граѓанските организации кои работат на прашања поврзани со надлежноста на Град Скопје и покажуваат интерес за работа во дискусионите групи.

Засега се формирани 13 дискусиони групи и тоа: култура, животна средина и комунални работи, образование, спорт и рекреација, локален и регионален развој, урбанизам и сообраќај, млади, психолошка, социјална и здравствена заштита, поддршка на лица со хендикеп, употреба на ПАС, трговија со луѓе, човекови права и слободи и еднакви можности меѓу мажите и жените.

### ФОРУМ НА НВО НА ГРАД СКОПЈЕ

Градскиот Форум е тело преку кое здруженијата на граѓани имаат простор да ги презентираат своите идеи и предлози како и можностите за заедничка соработка и активности со Градот Скопје и неговите органи и тела. Мисијата на Форумот е да се зајакне и продлабочи соработката меѓу НВО и Град Скопје и да се најде адекватен, ефективен метод за надминување на проблемите или потребите кои ќе бидат детерминирани како акутни на седниците на Форумот.

Изборот на членови во форумот се врши со гласање на членовите во секоја од дискусионите групи. Членови на форумот се Градоначалникот на Град Скопје, претставници од градската администрација, членовите на Комисијата за односи со



општините и соработка и поддршка на здруженијата на граѓани и фондации на Советот на Град Скопје и претставниците на дискусионите групи. Исто така, во работата на Форумот во зависност од точката за работа, оставена е можност да се покануваат и експерти по одредена област.

Во април 2008 година едногласно се усвоени и потпишани Декларацијата за работата на Форумот, Кодексот за етичко и професионално однесување и Акциониот план за работа на Форумот за 2008 година. Тоа се документи со кои се дефинираат правилата на игра во работењето на Форумот и на неговите членови.

- Оваа администрација нема двоумење за значењето на невладиниот сектор, како единствено граѓанско здружување во врска со прашања кои се од заеднички интерес на заедницата и како потенцијал за покренување иницијативи кои директно влијаат врз целокупното општествено живеење на граѓаните, а особено на локално ниво. Градот Скопје со реализирањето на овој проект ќе придонесе невладиниот сектор, а особено здруженијата на граѓани кои активно работат на подрачјето на Градот, директно и поефикасно да влијаат врз работата и одлуките кои локалната самоуправа ќе треба да ги донесува со цел подобрување на животот на граѓаните – истакна градоначалникот на Град Скопје, Трифун Костовски на официјалното започнување со работа на Форумот на НВО на Град Скопје.

Тој додаде дека преку активното вклучување на здруженијата на граѓани во предвидените тематски работилници, Град Скопје и тој, како Градоначалник, очекуваат прецизно идентификување на многу други проблеми, а воедно, очекува многу конкретни предлози за подобрување на живеењето на граѓанинот во нашиот град.

Во рамките на активностите на Форумот во текот на 2008 година беа организирани 3 тематски трибини, и тоа:

- "Емоционално и ментално здравје на младата популација – предизвици и превенција"
- "Квалитетот на образованието во град Скопје" и
- "Скопје – Одржлив град"

Заклучоците и препораките од одржаните трибини се вградени во планските документи на град Скопје за 2009 година.

Збратимени градови – Сарагоса

# АНТИЧКА МИСТИКА СРЕДЕ УНИВЕРЗИТЕТСКИ ЦЕНТАР



Познат е како транзитен град, но туристите што се задржуваат во шпанскиот град Сарагоса го откриваат вистинското срце на Шпанија, микс на античка мистика, архитектонски мајсторства и модерни трендови. Сарагоса е петти град по големина во Шпанија според бројот на жители (повеќе од 600.000 луѓе) и е домаќин на политичките и економските институции на регионот Арагонија. Сарагоса е слободен и отворен град вреден за истражување.

Оваа модерна европска населба се протега на двата брега на реката Ибро. Повеќе од половината од неговата популација работи во услужните дејности, а индустриското производство е лоцирано во индустриските зони на периферијата на градот. Низ центарот на Сарагоса се распространети кино-сали, музеи, театри и шопинг-центри. Музеите на Сарагоса се дом на познати дела од Ел Греко, Рибера, Гоја, Рубенс, Рембрант, Ван Дајк, Веласкез и Реноар. Големи резиденцијални населби, пак, никнуваат далеку од градскиот центар.

Таканаречениот „Casco Viejo" е историскиот градски центар и ја крие историјата на овој шпански град. Во 2.000 години историја на Сарагоса свој удел имаат културите на Римјаните, на Христијаните, на Арапите, на Евреите. Зградите, палатите и црквите рефлектираат различни стилови и размена меѓу културите. Многу знаменитости во Сарагоса се сместени околу големиот плоштад Plaza del Pilar, за кој се вели дека е доволно голем за да слета авион. Тука се наоѓа големата базилика Basilica de Nuestra Senora del Pilar, катедралата La Seo и маварската кула со ѕвоно на Iglesia de la Magdalena. Најголемиот број стари објекти, палати и цркви во Сарагоса датираат меѓу 11 и 14 век.

Сарагоса е универзитетски град повеќе од 500 години. Повеќето школи и факултети се основани во кампусот на плоштадот Сан Франциско и во новиот технолошки кампус во областа Актур. Некои факултети и други универзитетски институции се се уште лоцирани во украсените стари згради во срцето на градот.

За оние што се заинтересирани за коридата и за борбите со бикови, вистинското време за посета на Сарагоса и на Шпанија е периодот од февруари до октомври.

Сарагоса е збратимена со 13 градова ширум светот, меѓу кои и со Скопје.

Е.К.

## ГРАД СКОПЈЕ

ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ
ТРИФУН КОСТОВСКИ
тел: 3297 204, барака број: 4
gradonacalnik@skopje.gov.mk

СЕКРЕТАР НА ГРАД СКОПЈЕ
ЉУБИША ГЕОРГИЕВСКИ
тел: 3 297 281, 3 297215, барака: 3

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
Ирена Мишева
тел: 3 297 207, барака бр. 1
irena.miseva@skopje.gov.mk

СЕКТОР ЗА ФИНАНСИИ
Раководител: Крсте Андоновски
тел: 3 297 277, барака бр: 7
kandonovski@skopje.gov.mk

Одделенија за утврдување и наплата на даноци, такси и други надоместоци
тел: 3 297 280 - промет и подароци
тел: 3 297 316 - имот
тел: 3 297 314 - такси
danoci@skopje.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
Раководител: Аљоша Шопар
тел: 3 297 282, барака бр: 10а
Aljosa.Sopar@skopje.gov.mk

СЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА
Раководител: Цветанка Икономова-Мартиновска
тел: 3 297 301, барака бр: 14
Cvetanka.Ikonomova@skopje.gov.mk
infoekologija@skopje.gov.mk

СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНИ РАБОТИ
Раководител:в.д Јелена Перинска
тел: 3 297 392, барака бр: 11
Jelena.Perinska@skopje.gov.mk

ИНСПЕКТОРАТ НА ГРАД СКОПЈЕ
Раководител: Хамзи Џафери
тел: 3 297 359, барака број: 14
hamzidz@skopje.gov.mk

## ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

ЈП „ГРАДСКИ ПАРКИНГ“
Директор: Љупчо Јованов
jovanovlj@gradskiparking.com.mk
тел: 3091 072 , 3091 074
www.gradskiparking.com.mk
- Пајак служба
тел: 3 238 871

ЈП „УЛИЦИ И ПАТИШТА“
Директор: Илија Мартиновски
тел: 3 162 317
www.jpuliciipatista.com.mk

ЈСП „СКОПЈЕ“
Директор: Александар Бошковиќ
aboskovic@jsp.com.mk
тел: 3 174 265
www.jsp.com.mk

- Диспечерски центар
тел: 3 173 224

ЈП „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“
Директор: Златко Димовски
тел: 3 220 827
www.khigiena.com.mk

ЈП „ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО“
Директор: Душан Авировиќ
тел: 3070 112

ЈП „ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА“
Директор: Игор Арнаудов
тел: 3 220 839
www.vodovod-skopje.com.mk

-Реони за наплата и одржување на водоводна и канализациона мрежа

Реон 1 Центар
наплата тел: 3117 753
reoncentar@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа
тел: 3 238 992
одржување канализациона мрежа тел: 3 137 123

Реон 2 Кисела Вода
наплата тел: 3116 987
reonkiselavoda@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа
тел: 2 782 609
одржување канализациона мрежа тел: 2 791 566

Реон 3 Карпош
наплата тел: 3 118 581
reonkarpos@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа
тел: 3076 407
одржување канализациона мрежа тел: 3062 174

Реон 4 Чаир
наплата тел: 3 117 673
reoncair@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа
тел: 2 671 888
одржување канализациона мрежа тел: 2 671 999

Реон 5 Гази Баба
наплата тел: 3 116 889
reongazibaba@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа
тел: 3 174 524
одржување канализациона мрежа тел: 3 174 524

## ГРАДСКИ КУЛТУРНИ ИНСТИТУЦИИ

Библиотека „Браќа Миладиновци“ 3162-544
Културно информативен центар 3115-238
Дом на култура „Кочо Рацин“ 3163-739
Младински културен центар 3115508
Музеј на град Скопје 3115-367; 3113-609
Универзална сала - Скопје 3245-615
Зоолошка градина 3220-578
Детски Културен Центар „КАРПОШ“ 3116-159

## ПОВАЖНИ ТЕЛЕФОНИ

Противпожарна служба 193
Центар за управување со кризи 195
Електро-Скопје 02 3161454
Топлификација 02 3076200
Ургентен центар 02 3147147
Градска болница 02 3130311
Аеродром „Александар Велики“ 02 3148333; 02 3148336
Меѓуградска автобуска станица 02 2466011; 02 2466313
Железничка станица 02 3164255
Матична служба - ГУВР 3117 037; 3117 766
Сала за венчавање 3118 250
Републички пазарен инспекторат 975
СОС - кризни состојби на деца и млади 0800 12 222; 3136 400
СОС - за жени и деца жртви на насилство 9700
СОС - информации и превенција од трговија со луѓе 0800 11 111; 3173 424
Драмски театар 3063388
Детски театарски центар 3290111
Македонска опера и балет-МОБ 3114511
Национална галерија на Македонија-Мала станица 3126856

## СКОПСКИ ОПШТИНИ

Општина Центар 3203 680
Општина Кисела Вода 2785 400
Општина Аеродром 2400 970
Општина Карпош 3061 507
Општина Гази Баба 3226 655
Општина Чаир 2616 865
Општина Бутел 2616 868
Општина Шуто Оризари 2650 584
Општина Ѓорче Петров 2039 307
Општина Сарај 2050 289


Матка
Пештерска убавина